| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Птиците во селскиот двор |
| **Содржина на денот** | Пи-пи во дворот |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Редовно миење на рацете со сапун и вода е најдобриот начин да спречиме ширење на бактерии и вируси. Проветрување на просториите. |
| **Активности** | Разговарајте со Вашето дете за птиците од селскиот двор.Покажете му како изгледа кокошката, запознајте го со начинот на одгледување и каква корист имаат луѓето од истата. Објаснете му зошто човекот одгледува кокошки, што му даваат тие за возврат, и колку јајцето е корисно за здравјето на детето, во умерени количини. Детето нека ги набљудува кокошката и јајцето и нека ги опишува.<br>Како предлог можете да му ја понудите сликовницата „Пи –пи во дворот". Ако ја имате во домот дајте му ја на Вашето дете да ги разгледа прекрасните илустрации. Потоа Вие прочитајте му ја, па обидете се заедно да ја раскажувате. Поттикнете го детето самостојно со свои зборови да раскажува како ја доживува приказната по илустрациите.<br>Откако на детето ќе му објасните дека кокошката е мајка на пилето,а петелот татко, поттикнете го да направите едно мало жолто пиленце. Еден лист од блок исечете го во овална форма, а горниот и долниот дел во форма на скршено јајце, кои ќе се прекклопуваат. Детето нека го бои внатрешниот дел со жолта боичка и нека му нацрта очи. Кога ке се преклопат двата дела, пиленцето останува внатре во половинките од јајцето. Пробајте прекрасно е! |